ЦК КПМ и факсимиле од последното негово писмо до Стиле Милески — Адам од 23. II. 1944 година

Она што авторот ни го презентира и во двете книги е несомнено еден голем придонес за нашата историографија и за запознавање на нашата широка читачка публика со животот и делото на народниот херој Кузман Јосифовски — Питу.

**Д. П.**

**ВЕЛЕС И ВЕЛЕШКО ВО НОВ 1941. Материјали од научниот собир „Велес и Велешко во Народноослободителната војна 1941", одржан на 19 и 20 април 1972 година во Титов Велес, Титов Велес 1973, стр. 378**

Во втората половина на 1973 година во издание на Општинскиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ — Титов Велес, а во редакција на Страхил Гигов, д-р Данчо Зографски, Никола Кирков, Јордан Леов и д-р Миле Тодоровски излезе од печат зборникот на реферати од научниот собир „Велес и Велешко во НОВ 1941".[1])

Целта на овој симпозиум беше да се расветлат некои загатни прашања на кои, иако скоро по 30 години од ослободувањето, сè уште не им е даден одговор. Особено се однесува на некои прашања од политичката активност на Партијата во овој регион во настојувањата за исправување на извесни скршнувања од линијата на КПЈ што резултираа од опортунизмот на Методија Шаторов — Шарло, тогашен секретар на ПК на КПЈ за Македонија.

Уште на почетокот треба да потцртаме дека проучувајќи ги сите презентирани реферати (15) во кои се разјаснети низа прашања од суштествена природа, можеме слободно да се произнесеме дека целта на научниот собир „Велес и Велешко во НОВ" е реализирана.

Вредноста на публикацијата, а воедно и на симпозиумот ја чинат и прилозите од дискусиите.

Зборникот содржи предговор од редакцијата и текстови од отворањето на симпозиумот. Материјалите во публикацијата се поместени во два дела и тоа: I-от реферати на учесниците на симпозиумот (с. 19—223) и II-от изводи од дискусиите по изнесените реферати (с. 227—367).

Во првиот дел се поместени рефератите на д-р Данчо Зографски: „Македонија и велешкиот крај пред вооруженото востание 1941 година" (с. 19—35); Јаким Синадиновски: „Велес и Велешко меѓу двете светски војни" (с. 37—54); д-р Иван Катарџиев: „Политичките борби во Велес и нивната класна и национална определеност во последните години на стара Југославија" (55—69); Борис Мокров: „Велес и Велешко спроти Втората светска војна" (69—77); Јордан Леов и Никола Кирков: „Велешката партиска организација во 1941

[1]) Покрај наведениот, на 9 и 10 ноември 1967 год. беше одржан симпозиум „Велес и Велешко во Народноослободителната борба 1942", а 1969 година беа публикувани материјалите од учесниците на овој научен собир во издание на Општинскиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ Т. Велес, 1969.

година" (с. 77—100); Страхил Гигов: „Подготовките и готовноста за вооружено востание во Велес и Велешко во 1941 година" (с. 101—115). д-р Владо А. Ивановски: „СКОЈ и народната младина во Велес 1941" (с. 117—129); Марија Јовановиќ: „Некои форми од активноста на жените и младинките во Велес во 1941 година" (с. 123—130); Стоилко Ивановски — Планински: „Партиската келија во Богомила и нејзината активност во 1941 година" (с. 131—139); д-р Петар Стојанов: „Велес во април 1941 година" (с. 141—158); Евгени Димитров: „За некои особености на политичката состојба во Велес во времето од 6 април 1941 до воспоставувањето на бугарската окупаторска власт" (с. 159—175): Га лена Куцуловска: „Воспоставување на бугарската окупаторска власт во Велес и Велешко 1941 година" (с 177—189); д-р Миле Тодоровски: „Бугарската окупаторска власт во Велес и народноослободителното движење во градот и околијата во 1941 година" (с. 191—203); Перо Коробар: „Илинденската прослава во Велес 1941 година" (с. 205—211) и С. Николов: „Морално-политичките квалитети на партиските кадри еден од условите за покренување на масите во НОВ и Револуцијата" (с. 213—223).

Ние овде не намераваме да се осврнуваме одделно на секој реферат, но само би подвлекле дека покрај застапеноста на проблемите од 1941 година во публикацијава од овој симпозиум, во презентираните реферати беа обработени мошне опстојно демографските, просветно-културните и политичките прилики меѓу двете светски војни. Тоа особено се однесува за периодот во последните неколку години пред поразот на стара Југославија за кој со право можеме да го окарактеризираме како консолидационен за Партијата и несомнено претставуваше отскочна даска во подготвувањето и изведувањето на народноослободителното движење и Револуцијата (1941—1944 година). Во вториот дел се поместени 37 изводи од дискусиите и сеќавањата. Во дискусиите доминираат искажувањата на современиците на настаните.

Разбирлива би била констатацијата, ако би се сметало дека во оваа книга, т.е. на овој научен собир, како и било кој друг одржан досега, би можел да се даде соодветен одговор на сите поставени прашања, но позитивно е тоа што доста голем број проблеми беа иницирани и поставени како предмет и цел на идните проучувања.

Кон трудот е приложен и регистер на личните имиња и географските и народносни поими што го олеснува ползувањето на книгата. Скоро во сите реферати е користена архивска документација и научна литература што претставува позитивна страна на публикацијата

И покрај наведеното, ако просудиме според длабочината и разновидноста на проблемите што се третираат во рефератите и дискусиите објавени во оваа публикација, како и конкретните нивни резултати, нема сомнение дека во овој зборник се дадени разјаснувања на низа загатни и клучни прашања од нашето блиско и револуционерно минато и секако претставува ценет придонес, а воедно и значаен прилог во македонската историографија.

**Л. Л.**